0202/305
29.06.23

Врз основа на член 20, од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22), а во врска со член член 27 став 3 точка 38 од Статутот на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на седницата одржана на 29.06.2023 година донесе

**ОДЛУКА**

**за измена и дополнување на Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар**

Член 1

Со оваа Одлука СЕ ПРИФАЌА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ на Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија број 0202/329 од 25.05.2023 година.

Член 2

СЕ МЕНУВА Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар на начин што СЕ ДОДАВА член 14-а кој гласи:

**Член 14-а**

(1) Обврската за вработување на полно работно време определена во член 13 став 2 и член 14 став 1 точка 3 од овој Правилник е необврзувачка за подносител на барањето за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец-овластен сметководител односно трговско друштво, или овластеното лице на подружница доколку подносителот докаже дека ги исполнува условите за остварување и користење на право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот утврдена согласно Законот за социјална заштита.

(2) Лицето од став 1 од овој член е должено е покрај доказите од член 11 став 2) односно од член 14 од овој Правилник да достави и доказ дека истиот е корисник на право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот.

Член 3

СЕ МЕНУВА ЧЛЕН 18 од Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар и во иднина ќе гласи:

**Член 18**

(1) Во случај на крадење, губење или грубо оштетување на издаденото уверение за стекнат статус за сметководител односно овластен сметководител или издадената лиценца за работа на правното лице, сметководителот односно овластениот сметководител како и овластеното лице во правното лице е должно уверението односно лиценцата да го/ја огласи како неважечка и за истото да достави доказ до Институтот.

(2) По доставата на доказот за објава во службено гласило до Институтот дека уверението односно лиценцата за работа е неважечка, Институтот издава ново уверение односно нова лиценца за работа во која се назначува дека истото/тата претставува дополнително уверение односно дополнителна лиценца, со зборовите "дупликат".

(3) Услов за издавање на ново уверение односно нова лиценца е платена членарина за тековната година, и платена такса во износ од:

- 800 денари за издавање на дополнително уверение;
- 3.000 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи
- 1500 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа на трговец поединец овластен сметководител и
- 1000 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа за трговец поединец сметководител.

Член 4

СЕ МЕНУВА ЧЛЕН 19 од Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар и во иднина ќе гласи:

**Член 19**

(1) Во случај на промена на лични податоци на лицето на кое му е издадено уверение за стекнат статус за сметководител односно овластен сметководител или промена на назив на правното лице на кое му е издадената лиценца за работа, сметководителот односно овластениот сметководител како и овластеното лице во правното лице е должно во рок од 5 дена од извршената промена да го извести Институтот за промената на податоците.

(2) По доставата на доказот за промена на податоците, Институтот издава ново уверение односно нова лиценца со изменети податоци во кое/а се назначува дека истотот/тата претставува дополнително уверение односно дополнителна лиценца, со зборовите "дупликат".

(3) Услов за издавање на ново уверение односно нова лиценца е платена членарина за тековната година, и платена такса во износ од:

- 800 денари за издавање на дополнително уверение;

- 3.000 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи
- 1500 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа на трговец поединец овластен сметководител и
-1000 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа за трговец поединец сметководител.

Член 5

СЕ МЕНУВА ЧЛЕН 20 на начин што став 1 точка 4 од Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар кој гласи:

"4) доколку заснова работен однос на работна позиција различна од работната позиција сметководител;"

СЕ БРИШЕ.

Член 5

ДА СЕ ИЗГОТВИ Пречистен текст на Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на УО**
**Весна Прентоска**